**Архивски бр.:** ИП1 29- 688
**Дата:** 07.08 2025 година

Државниот инспекторат за животна средина преку Имрије Љума Мемеди со службена легитимација број 06-0002, изврши редовен инспекциски надзор во Правниот субјект ДПТУ Л и Л Цомпани ДООЕЛ Гостивар. Со Записник ИП1 бр. 29- 688 од 05.08.2025 година. ја утврди фактичката состојба и врз основа на член 42 став 1 точка 5 и 35 став 1 (врска член 41 став 3 ). Закон за управување со пакување и отпад од пакување -СЛ весник на РСМ бр. 215/21 и 3/25. и членот 33 став (4) од Законот за инспекциски надзор во животната средина ("Сл.весник на РСМ бр. 99/22 и 3/25),

**Р Е Ш Е Н И Е**

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** Правниот ДПТУ Л и Л Цомпани ДООЕЛ Гостивар . Управуван од Мухамед Таири да преземат мерки за отстранување на недостатоците утврдени со записник бр. ИП1 бр. 29- 688 од 05.08.2025 година и тоа:

1. Да се регистрира кај Стручниот орган (МЖСПП) согласно член 17 Закон за управување со пакување и отпад од пакување -СЛ весник на РСМ бр. 215/21 и 3/25.
- **Рок: 30 (триесет) дена од приемот на решението**
2. Да плати надоместок за 2024 година согласно член 35 став 1 од Закон за управување со пакување и отпад од пакување
- **Рок: 15 (петнаесет) дена од приемот на решението**
3. Субјектот на испекцискиот надзор од точката 1 и 2 на ова Решение е должен веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекциската мерка а најдоцна во рок од три дена писмено или по електронска пошта да го извести инспекторот дали се извршени инспекциските мерки.

1. Жалбата против ова решение не го одлага неговото извршување.

**ДржавенИнспекторат заживотна средина**
Палата Емануел Чучков
Јордан Мијалков, 5-спрат, Скопје 1000,
Република Северна Македонија

**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**
Pallati Emanuel Cuckov,
Jordan Mijalkov, 5-kat, Shkup 1000)
Republika e Maqedonisë së Veriut

i.luma@sei.gov.mk
tel.076 446 263

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Државниот инспекторат за животна средина изврши редовен инспекциски надзор во Правниот Субјект субјект ДПТУ Л и Л Цомпани ДООЕЛ Гостивар. При надзорот беа присутни претставници од Државниот инспекторат за животна средина Имрије Љума Мемеди–Државен инспектор за животна средина, Љатиф Љатифи – Виш инспектор за животна средина-канцеларија Гостивар и Мухамед Таири – Сопственик на Правниот субјект. Согласно редовниот инспекциски надзор се изготви Записник за констатација со бр. ИП1 ИП1 бр. 29- 688 од 05.08.2025 година. При увидот на лице место е констатирано следното: Правниот субјектот има договор за превземање на обврски за постапување со отпад од пакување со Друштво за управување со пакување и отпад од пакување Алпак - Еко ДОО –СКОПЈЕ бр.456/22 од 30.12.2022 год. Води месечна евиденција. Но не поседува Потврда за регистрација на производители на спакувани стоки и нема потврда за исполнување на проширена одговорност за управување со посебен тек на отпад за вид на отпад – пакување за 2024 година . (нема платено надоместок за 2024 година. Согласно член 17 Закон за управување со пакување и отпад од пакување Производителите или крајните корисници кои пуштаат на пазар спакувани стоки во Република Северна Македонија согласно со членот 8 од овој закон, се обврзани да се регистрираат кај стручниот орган, во согласност со начинот и постапката утврдени со прописите за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад.

Согласно член 35 став 1 од Законот за управување со пакување и отпад од пакување -СЛ весник на РСМ бр. 215/21 и 3/25..). Производителот и производителот кој како краен корисник пушта на пазарот на Република Северна Македонија спакувани стоки од кои при користење се создава отпад од пакување, е должен да плати надоместок за управување со отпадот од пакување


Палата Емануел Чучков
Јордан Мијалков, 5 спрат, Скопје 1000,
Република Северна Македонија

Pallati Emanuel Cuckov,
Jordan Mijalkov, 5-kat, Shkup 1000)
Republika e Maqedonisë së Veriut

i.luma@sei.gov.mk
tel.076 446 263

Доколку Државниот инспектор за животна средина, утврди дека не се постапува согласно Решението, ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка до надлежен орган, согласно членот 42 став 5 од Законот за управување со пакување и отпад од пакување.

**ПРАВНА ПОУКА:**

Против ова Решение согласно со членот 84 од Законот за инспекциски надзор (Службен весник на РСМ бр.102/2019, 22/25) може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочна постапка.

Жалбата се таксира со 250 денари административни таксени марки и се поднесува во два примероци.

Решено во Државниот Инспекторат за животна средина под број ИП1 29- 688 од 07.08.2025 година.

Државен инспектор за животна средина
Имрије Љума Мемеди

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT - РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ - MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR DHE PLANIFIKIMIT HAPSINOR - ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА - INSPEKTORATI SHTETËROR I MJEDISIT JETËSOR - II - СКОПЈЕ-SHKUP

Доставено до:
Архива
Правниот Субјект субјект ДПТУ Л и Л Цомпани ДООЕЛ Гостивар



**ДржавенИнспекторат заживотна средина**
Палата Емануел Чучков
Јордан Мијалков, 5-спрат, Скопје 1000,
Република Северна Македонија

**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**
Pallati Emanuel Cuckov,
Jordan Mijalkov, 5-kat, Shkup 1000)
Republika e Maqedonisë së Veriut

i.luma@sei.gov.mk
tel.076 446 263